# НОВАК ДИМИТРОВСКИ

НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА

NATIONAL GALLERY OF MACEDONIA

# NOVAK DIMITROVSKI



ПРОСТОР 2 - Чифте амам
SPACE 2 - Čifte Amam

*„... уметникот секогаш бил инструмент и говорник на духот на своето време. Неговото дело може само делумно да се сфати во смисла на неговата лична психологија. Свесно или несвесно, уметникот ги обликува природата и вредностите на своето време, а тие од друга страна го обликуваат него.“*
***(„Симболизмот во визуелните уметности“, Аниела Јафе)***

Новак Димитровски ѝ припаѓа на најмладата генерација ликовни творци. Сè уште во фаза на потрага по сопствениот ликовен идентитет, тој сака да експериментира како со материјалот така и со манирот на изведба, истовремено допирајќи разни теми, искушувајќи ги сопствените можности и откривајќи постепено, чекор по чекор, нови патишта во ликовниот израз.

Оттука, на својата прва самостојна изложба, тој се претстави со скулптура изведена во теракота, дрво и мермер, при тоа ставајќи акцент на мермерот со нагласени јајцевидни форми, како симбол на создавањето и раѓањето и разработувајќи „сопствен филозофски концепт, како наративна подлога“ за еден тематски циклус, во чие средиште беше митолошката приказна за фениксот.

Во услови на забрзан технолошки развој, кога науката интензивно ги пробива границите на достапното и разумното, отворајќи нови можности во организацијата и современиот начин на живеење на човекот, неминовно и уметноста ќе биде допрена од овие процеси, прашање коешто директно себеси и низ своите дела, младиот автор си го поставува и со кое се обидува да полемизира на своето ново, второ по ред самостојно претставување: „...и, колку и да се оттурнува феноменот на напредокот, тој сепак е во перманентна фаза на ре-актуелизација: јасно е дека технологијата има директни реперкусии врз скулптурата и врз уметноста воопшто.“[1] Со оглед на фактот дека сè повеќе се избегнува традиционалниот пристап во третирањето на скулптурата, младиот автор се запрашува дали со новите технологии се губи идејата на традиционалната скулптура; каде е местото и која е улогата на уметникот во овој процес и можно ли е, сепак, современата технологија да го замени во потполност авторот.

Ако досега скулптурата имаше исклучиво компактна структура „со нагласена статична и фронтална тродимензионалност“, новото време носи нови поттици и таа добива нови атрибути и нови компоненти. Сега таа не користи исклучиво камен, дрво и метал, но и најразновидни природни (волна, гранки, песок...) и вештачки (пластика) материјали: „Нејзиното место е на постамент, но и на земја, во воздух, во вода. Покрај одомаќинетите локации (музеи, галерии...) како нови локации се користат зафрлените агли на градскиот пејзаж, напуштените фабрики и визбите, морските брегови, планинските езера и ливади. Раката што моделира и ваја сега може и да плете, да шие, да гради од камења и тули, но и да ги притиска копчињата на тастатурите.“[2]

Нова епоха, ново време, нова мера на уметничката слобода. Кои се всушност границите на творечката слобода и дали по секоја цена треба да се искористи и манипулира истата?! – вака размислува младиот автор Димитровски. Од почетокот на 20-тиот век, со воведувањето на новите правци и движења, модерната уметност стана предмет на безброј полемики и дискусии. Позитивните и негативните ставови постојано се судираа, а модерната уметност во чекор со новото време продолжи да опстојува низ новите искуства и експерименти: „Новиот начин на изразување триумфираше во незамислива мера. Ако воопшто биде загрозен тоа ќе биде затоа што дегенерирал во маниризам и помодарство.“[3]

Скулптурите кои се дел од овој циклус се изведени во веќе добро познатите материјали на авторот, мермер и дрво, но истовремено експериментира и со фрагменти од готови предмети (ЦД-а), кои ги вклопува во сосема нова содржина (портрет). Сепак, највпечатлив е неговиот интерес за мермерот, како нему најомилен материјал за работа, чии што својства и природа му се очигледно мошне добро познати. Имено, како што вели тој самиот, при обработката на мермерот настојува што подлабоко да навлезе во „внатрешноста на материјалот“, притоа, ставајќи акцент на префинетата обработка на обвивката, длабејќи до форма на лушпа која треба да ја потенцира внатрешната сила на скулптурата: „секоја форма која ја изведува во мермерот ја третира како престојувалиште на духот, што е блиско до виталистичките теории за скулптурата.“[4] Неговото тежнеење кон чистата линија и природната едноставност, кое оди до редуцирање на визијата до јајцевидни и апстрактни аморфни облици, од друга страна упатува дека неговите примери се наоѓаат во делата на големите мајстори на модерната скултура: Арп, Бранкуси, Мур...

*Маја Неделкоска Брзанова*

[1] Соња Абаџиева, „Преобразби 2: модалитетите на македонската модерна и современа скулптура“, Музеј на современата уметност, Скопје 2002, стр.4
[2] Исто
[3] Аниела Јафе, Симболизмот во визуелните уметности во Карл Г. Јунг, „Човекот и неговите симболи“; ЗУМПРЕС, Скопје 1998, стр.244
[4] Зорица Лојпур, предговор во каталог: Новак Димитровски, МКЦ, Скопје 2004



Птица / Bird, 2001
дрво / wood, 140x40x40 cm



Торзо / Torso, 2005
дрво / wood, 80x35x30 cm

*"...the artist has always been an instrument and a spokesman of the spirit of his own time. His work can only partly be comprehended in the sense of his personal psychology. Deliberately or not, the artist is modeling nature and the values of his time, and in return they model him."*

***("The Symbolism in the Visual Arts", Aniella Jaffe)***

Novak Dimitrovski belongs to the youngest generation of fine artists. Still in a phase of searching for his own artistic identity, he tries to experiment with the material, with the techniques as well as with the accomplishment, tackling different topics, challenging his own possibilities and gradually, step by step, finding new courses in his artistic language.

Consequently, at his first solo exhibition he displayed sculptures made in terra-cotta, wood and marble. He favored the marble and the egg-like forms as a symbol of creation and birth, devising "his own philosophical concept as a narrative basis" for a topic cycle focused on the mythological story of the phoenix.

In circumstances of accelerated technological development, when science is intensively breaking the boundaries of the available and reasonable, opening new possibilities for the organization of the contemporary ways of living, the art, too, gets necessarily involved in these processes. This is a question that the young artist elaborates directly through himself and through his works, trying to argue it in his latest, second solo presentation: "...and no matter how hard we try to push it away, the phenomenon of progress is still in a permanent state of re-actualization: it is clear that technology has direct consequences on the sculpture and the art in general."[1] Considering the fact that the traditional approach towards treating the sculpture is continually avoided, the young artist is wondering if the new technologies will drop the idea of the traditional sculpture; what is the place and the role of the artist in this process and could the contemporary technology completely replace the artist after all.

If so far the sculpture had and exclusively compact structure "with an emphasized static and frontal tree-dimensional aspect", the new time brings about new drives, acquiring new attributes and new components. Now it does not employ only stone, wood and metal but also different natural (wool, twigs, sand...) and artificial (plastic) materials: "Its place is on a pedestal, but also on the ground, in the air, in water. Besides the usual locations (museums, galleries...) the new locations that are being used now are the obscure corners of the city vista, abandoned factories and cellars, sea shores, mountain lakes and meadows. The hand that models and sculpts now knits, saws, constructs of stones and bricks, but it also presses the keys on the keyboards.[2]

New epoch, new time, new measure of artistic freedom. What are the actual boundaries of the artistic freedom and should we necessarily use and manipulate it?! – this is how the young artist Dimitrovski thinks. Since the beginning of the 20th century, following the introduction of the new streams and movements, the modern art became the subject of numerous arguments and discussions. The positive and negative attitudes constantly collided while the modern art, in accordance to the new time, managed to persist through the new experiences and experiments. "The new way of expressing triumphed to an inconceivable extent. If it is threatened at all, it will be due to the degenerated mannerism and cheap conventionality "[3]

The sculptures that are part of this cycle are made of the material already familiar to the artist - marble and wood. Yet, he also experiments with fragments of ready made objects (CD), that he includes into a quite new content (portrait). However, most obvious is his interest in marble as his favorite material, since he seems to have mastered its features and nature. Namely, as he himself states, in the course of modeling the marble he tends to penetrate deeper into the "interior of the material", especially insisting on the refined treatment of the shell, carving it to the form of skin that is meant to emphasize the internal power of the sculpture: "he treats each form made in marble as the dwelling place of the spirit, which is close to the vitalistic theories of the sculpture."[4] His aiming for the pure line and natural simplicity, that tends to reduce the vision to an egg-like and abstract amorphous forms, clearly show that he finds his examples in the works of the great masters of the modern sculpture: Arp, Brancusi, Moore...

*Maja Nedelkoska Brzanova*

[1] Sonja Abadžieva, 'Transformations 2: the Modalities of the Macedonian Modern and Contemporary Sculpture", Museum of Contemporary Art, Skopje 2002, p.4
[2] Ibid
[3] Aniella Jaffe, The Symbolism in the Visual Arts in Carl G. Jung, 'Man and His Symbols"; ZUMPRES, Skopje 1998, p.244
[4] Zorica Lojpur, preface to the catalogue: Novak Dimitrovski, YCC, Skopje 2004



Празен портрет / Hollow Portrait, 2005
мермер / marble, 70x35x30 cm



Автопортрет / Self-portrait, 2002
мермер (природна големина) / marble (life size)

**Новак Димитровски**

**Биографија**

Роден е 1979 г. во Скопје. Дипломирал 2002 г. на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, отсек вајарство. Приврршува постдипломски студии на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, отсек вајарство кај проф. Жарко Башески. Член е на ДЛУМ од 2003 г.

Адреса: Бул. Јане Сандански 86-3/20, 1000 Скопје,
Македонија
Тел.: ++ 389 (0)2 24 46 176; ++ 389 70 626 876
E-mail: novak@unet.com.mk; novak@feniksad.com.mk

**Самостојни изложби**

**2004**
Скопје, МКЦ
**2005**
Скопје, Национална галерија на Македонија

**Групни изложби:**

**1999/2002**
Скопје, Годишни изложби на студентите на Факултетот за ликовна уметност
**2002**
Скопје, „Порака на дизајнерот“, КИЦ
**2003**
Скопје, Годишна изложба на ДЛУМ по повод 50–годишниот Јубилеј, Музеј на град Скопје
**2004**
Скопје, Нови членови – Годишна изложба на ДЛУМ, Изложбен салон на ДЛУМ;
Скопје, Портрет – Автопортрет, Годишна изложба на ДЛУМ, Изложбен салон на ДЛУМ;
Скопје, Годишна изложба на дипломирани студенти на Факултетот за ликовни уметности, Дом на АРМ

**Награди:**

**2002/2003**
Награда за најдобар дипломиран студент на Факултетот за ликовни уметности

**Novak Dimitrovski**

**Biography**

He was born in Skopje in 1979. In 2002 he graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje, at the Department of Sculpture. He is completing his post-graduate studies at the Faculty of Fine Arts in Skopje, at the Department of Sculpture, tutored by the professor Zarko Bašeski. He is a member of DLUM (Macedonian Association of Artists) since 2003.

Address: bul. Jane Sandanski 86-3/20, 1000 Skopje,
R. of Macedonia
Phone: + 389 (0) 2446 176; + 389 70 626 876
e-mail: novak@unet.com.mk; novak@feniksad.com.mk

**Solo Exhibitions**

**2004**
Skopje, Youth Cultural Center
**2005**
Skopje, National Gallery of Macedonia

**Group Exhibitions**

**1999/2002**
Skopje, Annual exhibitions of the students from the Faculty of Fine Arts
**2002**
Skopje, "Message to the Designer", Youth Cultural Center
**2003**
Skopje, annual exhibition of DLUM on the occasion of its 50th anniversary, Museum of the City of Skopje
**2004**
Skopje, "New Members" – annual exhibition of DLUM, DLUM's showroom;
Skopje, "Portrait – Self Portrait", annual exhibition of DLUM, DLUM's showroom;
Skopje, Annual exhibition of the graduated students from the Faculty of Fine Arts, Army Center

**Awards**

**2002/2003**
Best graduated student from the Faculty of Fine Arts



Женски акт во покривка / Woman's Nude in blanket, 2005
мермер / marble, 70x45x25 cm

Вознес / The Rising, 2003
мермер / marble, 70x40x55 cm





Насловна / Cover :

Рака / The Hand, 2005, дрво / wood, 210x165x25 cm

Издавач: Национална галерија на Македонија
Крушевска 1а, 1000 Скопје
Тел.: ++ 389 02 31 33 102;
Факс: ++ 389 02 31 24 219
www.mng.com.mk; e-mail: artgall@mol.com.mk;
ноември 2005

За издавачот: Златко Теодосиевски, директор
Предговор: Маја Неделкоска Брзанова
Оргазнитор на изложбата: Маја Неделкоска Брзанова
Соработник: Менка Карапашовска
Превод на англиски: Марија Хаџимитрова Иванова
Коректура: Михаил Лопарски
Фотграфии: Ѓорѓи Тричковски
Ликовно обликување: Новак Димитровски, Борис Шемов
Печат: Скенпоинт
Тираж: 500

Изложбата е финансирана од
Министерството за култура на Република Македонија

Авторски права: © Национална галерија на Македонија

Published by: National Gallery of Macedonia
Kruševska 1a, 1000 Skopje, R. of Macedonia
Tel.: ++ 389 (0)2 31 33 102
Fax:++ 389 (0)2 31 24 219
www.mng.com.mk; e-mail: artgall@mol.com.mk
November 2005

Editor in chief: Zlatko Teodosievski, director
Preface: Maja Nedelkoska Brzanova
Curator: Maja Nedelkoska Brzanova
Associate: Menka Karapašovska
Translated into English: Marija Hadžimitrova Ivanova
Corrections: Mihail Loparski
Photographs: Georgi Tričkovski
Design and layout: Novak Dimitrovski, Boris Šemov
Printed by Skenpoint
500 copies

The exhibition is financed by the
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

Copyright © National Gallery of Macedonia,

ISBN 9989-694-63-X

Портрет на жена / Portrait of a Woman, 2005
дрво / wood, 70x35x30 cm